Врз основа на член 22 став 3 од Законот за образование на возрасните ("Службен весник на Република Македонија" бр.7/08, 17/11, 51/11, 74/12 и 41/14) министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК
## за стандардите за просторот, опремата и кадарот на установите и институциите за образование на возрасните

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат стандардите за просторот, опремата и кадарот на установите и институциите за образование на возрасните.

### Член 2

Установите и институциите за образование на возрасните за реализација на јавно признати програми за образование на возрасните својата дејност ја извршуваат согласно стандардите за просторот, опремата и кадарот утврдени во Законот за основно образование, Законот за средно образование, Законот за стручно образование и обука и/или Законот за високо образование и подзаконските акти кои ги уредуваат стандардите за просторот, опремата и кадарот за основното, средното и високото образование.

## II. МИНИМАЛНО – ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА ПРОСТОРОТ, ОПРЕМАТА И КАДАРОТ НА УСТАНОВИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ КОИ РЕАЛИЗИРААТ ПОСЕБНИ ПРОГРАМИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ

### Член 3

Посебните програми за образование на возрасните (во натамошниот текст: програми за образование за возрасни) се реализираат во просториите на установите и институциите за образование на возрасните (во понатамошниот текст: понудувачи на услуги) кои се опремени во согласност со стандардите утврдени со овој правилник.

Просториите во кои се реализираат програмите за образование на возрасните се во сопственост на понудувачите на услуги или изнајмени под закуп.

### Член 4

Според потребите за реализирање на програмата за образование на возрасни понудувачите на услуги имаат простории за:

- изведување теориска настава;
- изведување практична настава и
- изведување обука за компјутерски вештини.

**Член 5**

Просториите на понудувачите на услуги за образование на возрасни да ги исполнуваат стандардите кои се однесуваат на осветлување, греење, ладење, снабдување со вода и одвод на отпадни води, електричната инсталација, противпожарна заштита, заштита од бучава и акустичност.

Просториите на понудувачите на услуги за образование на возрасни во кои има потреба од компјутерска опрема, потребно е да имаат и инсталација за компјутерска опрема.

**Член 6**

Просториите на понудувачите на услуги треба да:

- имаат природно проветрување;
- бидат рамномерно загревани или изладени;
- имаат природно осветлување;
-изворите на вештачко осветлување да бидат рамномерно распоредени, при тоа да не предизвикуваат рефлексија и
- бидат заштитени од бучава, а истовремено акустични (со што би се овозможило разбирливост при говорењето и слушањето).

**Член 7**

За целата инсталација (електрична, топлинска, плинска, водоводна и друга) уредите и опремата во просториите на понудувачите на услуги треба да бидат во согласност со посебните прописи од оваа област.

**Член 8**

Понудувачите на услуги од надлежниот орган на државната управа добиваат решение за задоволување на минималните технички и санитарни услови во простотиите во кои се реализираат програмите за образование на возрасни, издадено од надлежен орган.

**Член 9**

Понудувачите на услуги кои изведуваат теориска настава обезбедуваат:

- работен простор од 2,5 $м^2$ за секој учесник во простории за општа намена;
- една просторија за заедничка настава за минимум 10 учесници;
- подвижна маса за двајца кандидати со димензии 1,20 x 0,60м со простор за сместување на прибор,
- стол со потпирач за секој кандидат,
- стол за обучувачот,
- маса за обучувачот,
- едукативна ѕидна табла,
- плакар за сместување на прибор,
- ѕидни слики - *според потребите* и
- кошничка за отпадоци

**Член 10**

Понудувачите на услуги кои изведуваат практична настава обезбедуваат:

- соодветен работен простор за секој учесник во просторијата,
- простор за индивидуална работа со учесници,
- подвижна маса за двајца кандидати со димензии 1,20 x 0,60 м со простор за сместување на ученичкиот прибор,
- стол со потпирач за секој кандидат,
- стол за обучувачот,
- маса за обучувачот,
- едукативна ѕидна табла,
- маса за компјутер и компјутерска галантерија,
- плакар за сместување на прибор,
- плакари со стаклени врати,
- ѕидни слики - *според потребите,*
- кошничка за отпадоци,
- пердиња за затемнување - според потребата,
- ЛЦД проектор и
- интернет пристап – според потребата

Просторијата за практична настава има мебел, наставни средства и помагала кои одговараат на потребите на посебната програма, во согласност со Нормативот за наставни средства и помагала.

**Член 11**

Понудувачите на услуги кои изведуваат обука за компјутерски вештини обезбедуваат:

- работен простор од 3,5 $м^2$ површина за секој учесник во простории за образование на возрасни за компјутерски вештини,
- маси за компјутери за двајца кандидати со простор за сместување за компјутерската галантерија и прибор,
- столови со потпирач за секој кандидат (вртливи),
- стол за обучувачот,
- маса за обучувачот,
- едукативна ѕидна табла,
- компјутери и компјутерска галантерија,
- компјутер за обучувачот,
- плакар за сместување на училишниот прибор,
- кошничка за отпадоци,
- пердиња за затемнување - *според потребата,*
- видеобим,
- пристап до интернет и
- ѕидни слики - *според потребите*

Просторијата за обука за компјутерски вештини треба да има компјутер за секој учесник кој е мрежно поврзан со компјутерот на лицето кое врши обука (обучувачот).

**Член 12**

Просторијата може да биде опремена и со аудио и видео средства, платно или ѕид за проекција и други средства и помагала во согласност со потребите за реализација на посебната програма.

Потребата од помошни простории за сместување на нагледна опрема и средства се утврдува во посебната програма на понудувачите на услуги.

Понудувачите на услуги имаат санитарни простории.

**Член 13**

Понудувачите на услуги може да организираат изведување на практична настава и вежби во простории на други правни лица, со кои претходно склучуваат договор за соработка.

**Член 14**

За потребите на правно лице (учесник) на негово барање, понудувачите на услуги може да организираат реализирање на посебната програма во простории и со средствата на тоа правно лице согласно стандардите за просторот, опремата пропишани со овој правилник.

**Член 15**

Кадарот кој ќе го реализира теоретскиот дел од програмата за образование на возрасни ги исполнува следните услови:

- да има завршено високо образование од соодветната област;
- да има завршено обука на обучувачи за работа со возрасни.

Кадарот кој ќе го реализира практичниот дел од програмата за образование на возрасни треба да ги исполнува следните услови:

-да има завршено најмалку соодветно средно образование и најмалку три години работно искуство од соодветната област или

-да има завршено средно образование и пет години работно искуство од соодветната област или

-да има завршено средно образование, завршена обука од соодветната област и три години работно искуство од соодветната област или

- да има завршено мајсторски испит да има завршено обука на обучувачи за работа со возрасни.

Кадарот од став 1 и 2 од овој член ги исполнува дополнителните услови утврдени во посебната програма за образование на возрасните, а кои се во согласност со важечките прописи.

## III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 16**

Со денот на влегување во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за стандардите за простор и опремата на установите и институциите за образование на возрасните бр.19-2012/1 од 12.03.2010 година .

**Член 17**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

Бр. 19-14134/2
09.09. 2014 година

**Министер,**
**Abdilaqim Ademi**